Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневни настани 17.02.2024

На 16.02.2024 во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово го лишиле од слобода Т.М.(19) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен по судска наредба, била пронајдена марихуана. Т.М.бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 16.02.2023 во 13.10 часот на автопатот Неготино - Демир Капија, кај наплатна станица Демир Капија, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово при Регионалниот центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода В.Б.(38) од Шуто Оризари – Скопје. При контрола во возилото „опел астра" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени четири лица мигранти од Народна Република Кина, за кои при проверка било утврдено дека илегално влегле во државата. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2024 во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода С.Р.(47) од Битола. Тој бил затекнат при извршување „тешка кражба" во помошна просторија од куќа на ул.„Илинденска", сопственост на С.Т.(27) од Битола. Лицето било приведено во полициска станица и во службен разговор признал уште четири кривични дела „тешка кражба" извршени во куќи, станови и во параклис на подрачје на Битола. Одземеното ќе биде вратено на сопствениците, а по целосно документирање на случаите против лицето ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 16.02.2024 на автопатот Демир Капија – Гевгелија, во близина на клучка Миравци, полициски службеници од Полициската станица за гранични провери и граничен надзор Богородица при Регионалниот центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода Т.П.(38) од Скопје затоа што со возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки превезувал пет лица мигранти од Народна Република Кина. Имено, околу 13.10 часот било пријавено дека во близина на клучка Миравци се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „цитроен берлинго" со велешки регистарски ознаки, управувано од Р.Д.(70) од Валандово и патничко возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.П., од кое по незгодата излегле мигрантите. Притоа, со телесни повреди се здобиле возачот Р.Д. и Ѓ.М., солитник во неговото возило, констатирани во Општа болница Гевгелија. Полициски службеници на местото го затекнале Т.П., а по пребарување на теренот ги пронашле мигрантите, за кои по извршени проверки било утврдено дека илегално влегле и престојуваат во државата. Т.П. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.01.2024 во 01.00 часот во Гевгелија, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија ги лишиле од слобода М.А.(29), И.Т.(23), А.Ѓ.(24) и В.С.(24), сите од Гевгелија. При преглед кај нив и во патничкото возило „опел" со гевгелиски регистарски ознаки, во кое биле затекнати, биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2024 во 19.00 часот во Неготино, полициски службеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода М.Ч.(25) од Неготино затоа што при преглед на патничко возило „фолксваген голф" со неготински регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (17.02.2024) во 02.10 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (17.02.2024) во 02.30 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Г.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целоснодокументирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (17.02.2024) во 02.35 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода З.М.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 20.20 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 22.10 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 23.40 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Ш.(21) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 22.15 часот на Граничен премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода Б.Г.(44) од Косово затоа што при гранична проверка било констатирано дека евидирал со мерка „апси" по барање на Интерпол Германија. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициското одделение Мирковци за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (16.02.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 172 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, 19 мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за поминување на затворен сигнал - црвено светло, пет санкции за користење мобилен телефон при возење, две мерки за управување под дејство на алкохол...

На 16.02.2024 во 15.00 часот во ОВР Прилеп, М.Ѓ.(21) од Прилеп пријавила дека на ул. „Марксова" во Прилеп била касната од куче скитник.

На 16.02.2024 во 23.30 часот во Полициската станица Велес, М.А.(38) од село Ореше, општина Чашка, пријавил дека во населба Превалец во Велес бил каснат од куче скитник.

На 16.02.2024 во 15.00 часот во Полициската станица Аеродром, Р.З.(31) од Скопје пријавил дека на кој на река Вардар на подрачје на општина Аеродром во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 16.02.2024, полициски службеници од Полициската станица Дебар ги лишиле од слобода Ќ.М.(42) од с.Мал Папрадник, општина Центар Жупа, Ј.Р.(42) од с.Броштица, општина Центар Жупа и Б.А.(50) од с.Житинени, општина Центар Жупа. Околу 14.30 часот на ловиште „Кавео Стогово" тие биле затекнати од ловочкиот при извршување на незаконит лов. Кај нив биле пронајдени и одземени ловечка пушка „Бенели", повеќе ловечки патрони од различен калибар, усмртено диво животно и други предмети кои си употребиле при вршење на делото. Лицата биле задржани во полициска станица, а за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 16.02.2024 во с.Новаци, битолско, полициски службеници од СВР Битола, со судска наредба, извршиле претрес во домот на М.Б.(32) од истото село. При претресот биле пронајдени и одземени воздушна пушка и 106 дијаболи. По целосно документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 16.02.2024 во Полициската станица Струга бил извршен службен разговор со А.Р.(35) од с.Велешта, струшко, поради сомнение дека околу 15.45 часот физички го нападнал И.П.(25) од с.Вевчани на неговото работно место на бензинска пумпа на магистралниот пат А-2. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2024 во 00.45часот во угостителски објект во Тетово, полициски службеници од СВР тетово го привеле Б.В.(33) од Тетово затоа што го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 19.30 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода С.С.(33) од Штип затоа што во семејниот дом физички ги нападнал неговата невенчана 29-годишна сопруга и нејзината малолетна ќерка. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2024 во 18.40 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници ги лишиле од слобода Д.Ј.(41) и 28-годишната К.Ј.(28), двајцата од Република Србија, затоа што по претходно нападнатите го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (17.02.2024) во 00.10 часот во СВР Скопје, А.С.(45) од Скопје пријавил дека на 16.02.2024 околу 22.40 часот на подрачјето на Карпош, неговиот малолетен син физички бил нападнат од неколку лица, кои му барале пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2024 во 14.27 часот во СВР Скопје, Ј.Ј.(60) од Скопје пријавил дека на 15.02.2024 околу 15.10 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, поради претходно нерасчистени имотно – правни односи, физички бил нападнат од Р.Г.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 18.50 часот во СВР Скопје, У.Ј.(18) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека на автобуска постојка на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, по претходно недоразбирање, физички бил нападнат од С.И. и Б.И.., двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 19.22 часот во СВР Скопје, С.И.(31) од Скопје пријавил дека на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, по претходно недоразбирање во сообраќајот, физички бил нападнат од Д.Т. и А.Т.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 13.20 часот во СВР Тетово, Ш.А.(50) од Тетово пријавила дека околу 12.00 часот била физички нападната од нејзина сосетка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2024 во 22.25 часот во СВР Скопје, Х.А.(45) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар во Скопје физички бил нападнат од А.А. и Б.И. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 20.15 часот во СВР Скопје, Л.Р.(55) од Скопје пријавила дека околу 16.30 часот во парк на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, нејзината малолетна ќерка физички била нападната од друга малолетничка. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.02.2024 во 16.46 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди од остар предмет бил донесен малолетник од Скопје. Според пријавеното, тој бил повреден од друг малолетник пред основно училиште на подрачјето на Гази Баба. Предметот бил пронајден, а со малолетникот бил извршен службен разговор. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.02.2024 во 13.25 часот во СВР Скопје, Д.М. пријавил дека на подрачјето на Гази Баба на неколку лица се заканувале на неговиот малолетен син и неколку негови другари, при што на еден од малолетниците му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2024 во 03.10 часот во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода Д.Н.(19) од Кочани, постапувајќи по претходна пријава дека околу 01.30 часот со пиштол во рака влегол во бензинска пумпа во Кочани, а на една од пумпите оставил и нож. Според пријавеното, откако заминал, вработениот пронашол четири куршуми калибар 7,62 мм., кои биле подигнати заедно со ножот за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2024 во 14.12 часот во СВР Штип било пријавено дека во с.Таринци, општина Карбинци, настанал пожар во објект на приватна фирма. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 16.02.2024 во 16.40 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Д.Ј.(69) од Прилеп, постапувајќи по претходна пријава дека извршил обљуба врз неговата малолетна внука. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2024 во 22.50 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје го пронашле Л.З.(17), за кој претходно беше пријавено од СОС Детско Село дека се оддалечил од установата. Тој бил предаден во установата.

На 16.02.2024 во 13.07 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, К.С.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„Браќа Чакреви" во Скопје нејзиниот малолетен син бил нападнат од кучиња скитници, а при обид да побегне паднал и се здобил со повреда.

Денеска (17.02.2024) во 11.30 часот во Полициската станица Чаир, М.Ц.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Александар Ждраревски" во Скопје бил каснат од куче скитник.